# ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА
# НАБАВКА ОД МАЛА ВРЕДНОСТ

за набавка на Услуги- Хемиско чистење на костими
со број на оглас 15339/2025

20.08.2025 13:02

Врз основа на член 48 и 81 од Законот за јавните набавки (Службен весник на РМ бр.24/19,Службен весник на РСМ бр.87/21 и бр.14/25), подготвена е:

ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
За набавка од мала вредност на Услуги- Хемиско чистење на костими

Тендерската документација содржи:


1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ВО ВРСКА СО ДОГОВОРНИОТ ОРГАН И ПРЕДМЕТОТ НА НАБАВКА ....................2

2. ПОЈАСНУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТЕНДЕРСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА .4

3. ПОДГОТОВКА НА ПОНУДАТА ....................4

4. ПОДНЕСУВАЊЕ И ОТВАРАЊЕ НА ПОНУДИ ....................7

5. УТВРДУВАЊЕ СПОСОБНОСТ ....................8

6. КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА....................9

7. ЕВАЛУАЦИЈА И ОТВАРАЊЕ НА ПОНУДИТЕ....................9

8. СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ИЛИ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА .11

9. ПРАВО НА ЖАЛБА И ЗАВРШУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ЈАВНА НАБАВКА ....................13

10. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЕЛЕМЕНТИ ОД ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ....................14


## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ВО ВРСКА СО ДОГОВОРНИОТ ОРГАН И ПРЕДМЕТОТ НА НАБАВКА

### 1.1. Договорен орган

1.1.1. Договорен орган е Национална установа Национална опера и балет, адреса Бул. Гоце Делчев бр. 4, телефон 02 3114 908, електронска адреса direkcija@mob.com.mk и веб локација mob.com.mk.
1.1.2. Лице за контакт кај договорниот орган е Тереза Пејовска, телефон 3227370, електронска адреса tereza_33*@hotmail.com*.

**1.2. Предмет на набавка**

1.2.1. Предмет на набавка е извршување услуги Хемиско чистење на костими.
Детален опис на предметот на набавка е даден во техничките спецификации.
1.2.2. Предметот на набавката не е делив.

1.2.3. Договорот за јавната набавка ќе биде со времетраење од 12 месеци.

**1.3. Општи мерки за спречување на корупцијата**

1.3.1. Договорниот орган во постапката за јавна набавка и при извршување на договорот, ќе ги преземе сите потребни мерки со цел навремено откривање на корупцијата и отстранување или намалување на штетните последици од истата.
1.3.2. Кај договорниот орган Национална установа Национална опера и балет, лицето Оливер Арсовски, контакт тел/моб +38976310051, електронска адреса oliver.arsovski@operabalet.mk, е овластено за прием на пријави за заштитено внатрешно и надворешно пријавување од страна на укажувачи, а во врска со корупција во јавните набавки.[1]

**1.4. Вид на постапка за јавна набавка**

1.4.1. Договорот за јавна набавка ќе се додели со примена на набавка од мала вредност.
1.4.2. Набавка од мала вредност ќе се изврши со објавување оглас.
1.4.3. Оваа постапка ќе се спроведува со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки (во натамошниот текст: ЕСЈН), достапен на следнава интернет адреса https://www.e-nabavki.gov.mk и Правилникот за начинот на користење на електронскиот систем за јавни набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. (64/2019,271/19).

**1.5. Посебни начини за доделување на договорот за јавна набавка**

1.5.1. **Електронска аукција:** Постапката ќе се спроведе **БЕЗ** користење на електронска аукција.
1.5.2. **Рамковна спогодба:**
1.5.2.1. Оваа постапка ќе заврши со склучување на рамковна спогодба.
1.5.2.2. Рамковната спогодба ќе се склучи за времетраење од 12 месеци.
1.5.2.3. Рамковната спогодба ќе се склучи со еден економски оператор, а поединечните договори ќе се доделуваат во согласност со условите од рамковната спогодба.

[1] Во согласност со членовите 4 и 5 од Законот за заштита на укажувачи

1.5.2.4. Поединечните договори за јавни набавки ќе се склучат пред истекот на рокот на рамковната спогодба.

# 2. ПОЈАСНУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТЕНДЕРСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

## 2.1. Појаснување на тендерската документација

2.1.1. Економскиот оператор може да побара појаснување на тендерската документација преку модулот „Прашања и одговори“ на ЕСЈН, најмалку четири дена пред крајниот рок за поднесување на понудите.
2.1.2. Појаснувањето договорниот орган ќе го достави преку истиот модул, без да го открие идентитетот на економскиот оператор кој го поставил прашањето, за што економските оператори што презеле тендерска документација ќе добијат автоматско електронско известување дека е даден одговор на поставеното прашање.

## 2.2. Изменување и дополнување на тендерската документација

2.2.1. Договорниот орган може, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања за објаснување поднесени од страна на економските оператори, да ја измени или да ја дополни тендерската документација, при што во најкус можен рок, но не подоцна од два дена пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите ги прави достапни измените и дополнувањата на ист начин како што ја направил достапна тендерската документација, по што сите економски оператори што ја презеле ќе добијат автоматско електронско известување дека е објавена измена.
2.2.2. Во случај на измена на тендерската документација, договорниот орган крајниот рок за поднесување на понудите ќе го продолжи пропорционално на сложеноста на измената или дополната на тендерската документација во последните четири дена пред истекот на рокот за поднесување понуди.

# 3. ПОДГОТОВКА НА ПОНУДАТА

## 3.1. Право на учество

3.1.1. Право да достави понуда има секое заинтересирано физичко или правно лице или група такви лица, вклучувајќи ги и сите привремени здружувања, кои на пазарот или во постапката за јавна набавка го нудат предметот на набавка.
3.1.2. Составен дел од групната понуда е договор за поднесување групна понуда со кој членовите во групата економски оператори меѓусебно и кон договорниот орган се обврзуваат за извршување на договорот за јавна набавка. Овој договор потребно е да ги содржи следниве податоци:

- членот на групата кој ќе биде носител на групата, односно кој ќе ја поднесе понудата и ќе ја застапува групата,

- членот на групата кој во име на групата економски оператори ќе го потпише договорот за јавна набавка,
- членот на групата кој ќе ја издаде фактурата и сметка на која ќе се вршат плаќањата,
- краток опис на обврските на секој од членовите на групата економски оператори за извршување на договорот и

3.1.3. Членовите на групата економски оператори одговараат неограничено и солидарно пред договорниот орган за обврските преземени со понудата.

3.1.4. Економскиот оператор кој има една или повеќе негативни референци, групата економски оператори во која членува економски оператор кој има негативна референца нема право на учество во постапката согласно со член 101 став 7 од законот.

3.1.5. Економскиот оператор во рамките на иста постапка за доделување на договор за јавна набавка може да учествува само во една понуда. Сите понуди ќе бидат отфрлени ако економскиот оператор:

- учествува во повеќе од една самостојна и/или како член во групна понуда или
- учествува како подизведувач во друга самостојна и/или како член во групна понуда

3.1.6. Економскиот оператор може да учествува како подизведувач во повеќе од една понуда.

3.1.7. Лицата кои учествувале во изработка на тендерската документација не смеат да бидат понудувачи или членови во група на понудувачи во постапката за јавна набавка.

3.1.8. За да учествува во постапката, економскиот оператор треба да се регистрира во ЕСЈН и да поседува квалификуван сертификат за електронски потпис согласно прописите за електронски потпис. Економскиот оператор се регистрира во ЕСЈН со пополнување на регистрациска форма која е составен дел од ЕСЈН.

**Напомена**: Во моментот на поднесување на групна понуда сите членови на групата треба да бидат регистрирани на Електронскиот систем за јавни набавки.

### 3.2. Трошоци за поднесување на понудата

3.2.1. Економскиот оператор ги сноси сите трошоци поврзани со подготовката и со доставувањето на понудата, а договорниот орган не е одговорен за тие трошоци без оглед на водењето и на исходот од постапката за јавна набавка.

### 3.3. Јазик на понудата

3.3.1. Понудата, документите поврзани со понудата како и целата кореспонденција е на македонски јазик со користење на неговото кирилско писмо. Придружните документи и печатената литература кои се дел од понудата може да бидат на друг јазик, а во текот на евалуација на понудите, комисијата може да бара превод на македонски јазик.

### 3.4. Цена на понудата

3.4.1. Во цената на понудата треба да се засметани сите трошоци и попусти на вкупната цена на понудата, без ДДВ кој се искажува посебно во денари.

### 3.5. Начин на плаќање

3.5.1. Начин на плаќање е сукцесивно во рок 30 (триесет) дена по доставена фактура по завршената испорака на стоката и по потпишување на испратница изготвена од економскиот операто на која ќе се потпишат испорачувачот на стоката и примачот на услугата.
Трошоците за изготвување на фактурата и доставување до просториите на договорниот орган паѓаат на товар на економскиот оператор..

3.5.2. **Начин и рок на извршување на Услуги**

3.5.3. Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го извршува на следниов начин и тоа - по основ на барање –писмена нарачка од страна на договорниот орган. Носителот на набавката е должен да ги испорача услугите - предмет на договорот, по писменото барање за испорака на услугата за период од 1 година или до целосно искористување на количините на предметот на набавка. Економскиот оператор е должен да ги подигне костимите за чистење од установата и истите по завршената услуга да се вратат назад во Национална Установа Национална опера и балет.
Испораката ќе биде сукцесивна согласно потребите на договорниот орган по склучување на договорот за јавна набавка.
Договорниот орган не се обврзува да ги набави сите количини во целост.
3.5.4. Носителот на набавката е должен предметот на набавка да го испорача во рок од 5 (пет) дена од добиената нарачка од страна на Договорниот орган Национална Установа Национална опера и балет за период од една година или до целосно искористување на количините на предметот на набавка.

**3.6. Период на важност на понудата**

3.6.1. Понудата треба да е со важност од 60 дена.
3.6.2. Договорниот орган може, во исклучителни случаи кои не настанале по негова вина, да побара од понудувачите продолжување на периодот на важност на понудите.

**3.7. Средства за обезбедување**

3.7.1. Со понудата економскиот оператор доставува изјава за сериозност на понудата.
3.7.2. Со изјавата економскиот оператор изјавува дека:

- нема да ја повлече својата понуда пред истекот на периодот на нејзината важност,
- ќе ја прифати исправката на аритметичките грешки од страна на комисијата,
- ќе го потпише договорот за јавна набавка согласно со условите од тендерската документација и доставената понуда или
- ќе ја обезбеди гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, ако договорниот орган ја предвидел во тендерската документација.

3.7.3. Договорниот орган ќе бара од понудувачот чија понуда е избрана за најповолна да обезбеди гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во вид на банкарска гаранција во вредност од 0,00 % од вредноста на договорот за јавна набавка.

# 4. ПОДНЕСУВАЊЕ И ОТВАРАЊЕ НА ПОНУДИ

## 4.1. Поднесување на понудите

4.1.1. Понудата се поднесува во согласност со тендерската документација, со користење на обрасците дадени во прилог.
4.1.2. Понудата е обврзувачка за целиот период на важност што го утврдил договорниот орган.
4.1.3. Понудувачот ја доставува понудата со цена во која се засметани сите трошоци и попусти на вкупната цена на понудата, без ДДВ кој се искажува посебно, во валута утврдена во тендерската документација.
4.1.4. Цената на понудата се изразува за вкупниот предмет на набавка.
4.1.5. Понудувачот може да ја измени, замени или да ја повлече својата понуда пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите.
4.1.6. Понудата се поднесува во електронска форма преку ЕСЈН и истата треба да биде електронски потпишана со користење на квалификуван сертификат за електронски потпис од одговорното лице на економскиот оператор или лице овластено од него. Сертификатот треба да биде со важност најмалку до моментот на јавното отворање односно крајниот рок за поднесување на понудите.
4.1.7. Доколку понудата ја потпишува лице овластено од одговорното лице, во прилог се доставува и овластување за потпишување на понудата потпишано од одговорното лице.
*Напомена: Подетални информации за начинот на дигитално потпишување се содржани во прирачникот „Општи и технички препораки за користење на ЕСЈН за економски оператори и договорни органи“ објавен на почетната страна на ЕСЈН во делот „Документи“.*
4.1.8. Економските оператори можат во хартиена форма да ја поднесат документација во нестандарден формат и големина пред крајниот рок за поднесување на понудите, доколку истите се преобемни за скенирање и прикачување на ЕСЈН. Оваа документација се доставува во запечатен внатрешен плик на кој се наведува полниот назив и адреса на економскиот оператор. Така запечатениот внатрешен плик се затвора во надворешен плик кој:

- е адресиран со точна адреса на договорниот орган;
- содржи информација за бројот на огласот за доделување на договор за јавна набавка и датумот на кој е објавен;
- во горниот лев агол стои предупредување „Не отворај“, за да не се отвора пред времето и датумот за отворање на понудата.

4.1.9. Понудите кои содржат покус период на важност од тој утврден во точка Период на важност на понудата од тендерската документација ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

## 4.2. Краен рок за поднесување на понудите

4.2.1. Краен рок за доставување на понудите е 27.08.2025 година, до 10:00 часот.
4.2.2. Понудите се поднесуваат преку ЕСЈН на следнава веб адреса: https://www.e-nabavki.gov.mk .
4.2.3. По истекот на крајниот рок за поднесување на понудите истите нема да може да се поднесат преку ЕСЈН.

## 4.3. Елементи на понудата

4.3.1. Понудата треба да е составена од следниве елементи

- финансиска понуда,
- техничка понуда со бараните прилози кон техничката понуда,
- изјава за сериозност на понудата (Прилог 2),
- документ за регистрирана дејност
- **Подизведување**

4.3.2. Понудувачот може дел од договорот за јавна набавка да додели на подизведувач. Доколку понудувачот користи подизведувач при извршувањето на договорот за јавна набавка, во понудата:

- ги наведува сите подизведувачи, како и секој дел од договорот за кој има намера да го додели на подизведувачи;
- доставува контакт податоци за законските застапници на предложените подизведувачи;
- доставува документација за утврдување способност на предложените подизведувачи и
- доставува барање од подизведувачот за директно плаќање, доколку подизведувачот го бара тоа.

# 5. УТВРДУВАЊЕ СПОСОБНОСТ

## 5.1. Критериуми за утврдување на способност на понудувачите

5.1.1. Договорниот орган го исклучува економскиот оператор од постапката за јавна набавка доколку до крајниот рок за поднесување на понудите или пријавите за учество е на листата на издадени негативни референци.
5.1.2. Договорниот орган ќе го исклучи економскиот оператор од постапката за јавна набавка во случаите доколку

б) економскиот оператор покажал значителни или постојани недостатоци во исполнувањето клучни обврски во претходни договори за јавни набавки или претходни договори за концесии и јавно приватни партнерства склучени со договорниот орган, што резултирало со еднострано раскинување на договорот, барање оштета или преземање други слични санкции од страна на договорниот орган во последните 12 месеци од денот на објавување на огласот за јавна набавка.
За да учествуваат во постапката за јавна набавка, економските оператори треба да докажат дека ја имаат потребната **способност за вршење на професионална дејност.**
5.1.3. Економскиот оператор треба да е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или да припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.**Начин на докажување на способноста на кандидатите**

5.1.4. За докажување на способноста за вршење на професионалната дејност, понудувачот треба да достави со својата понуда документ за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.Во случај на група економски оператори, сите членови на групата поединечно ја докажуваат способноста за вршење професионална дејност.

## 6. КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА

**6.1. Договорниот орган како критериум за избор на најповолна понуда ќе ја користи економски најповолната понуда врз основа на:**

– цената

6.1.1. За најповолна понуда ќе биде избрана понудата која има најниска понудена цена.

## 7. ЕВАЛУАЦИЈА И ОТВАРАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

### 7.1. Отворање на понудите

7.1.1. Отворањето на понудите е јавно, а ќе се изврши на ден 27.08.2025 година во време определено во тендерската документација како краен рок за поднесување на понудите, на следнава локација Скопје.

7.1.2. Понудувачот може да има свој овластен претставник на јавното отворање на понудите, при што овластениот преставник треба на комисијата да ѝ предаде писмено овластување од понудувачот, доколку сака да даде забелешки на постапката на јавно отворање.

7.1.3. Комисијата за јавни набавки ќе пристапи кон отворање на понудите доколку е пристигната и само една понуда.

7.1.4. Во текот на отворањето на понудите се води записник од отворање на понуди и истиот им е достапен на ЕСЈН на економските оператори кои поднеле понуда.

### 7.2. Евалуација на понудите

7.2.1. Кај набавката од мала вредност, комисијата најпрво ја проверува комплетноста и валидноста на способноста за вршење на професионална дејност на понудувачот. Истовремено, согласно со член 101 став 13 од законот, комисијата во генерираниот извештај на ЕСЈН за негативни референци, проверува дали понудувачите се на листата на издадени негативни референци.

7.2.2. При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување способност на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација, внимавајќи со бараното појаснување или дополнување да не создава предност во корист на одреден економски оператор.

7.2.3. Комисијата не смее да бара, ниту да дозволува никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправката на аритметички грешки.

7.2.4. Комисијата во примерен рок може да побара од понудувачот, а со цел за објаснување на понудата, превод на делот од понудата кој е во врска со техничката документација за кој во тендерската документација дозволил истата да биде изработена на странски јазик.

7.2.5. Доколку при евалуација на финансиската понуда комисијата утврди аритметичка грешка, истата ја исправува и го известува понудувачот за направената исправка и за конечната финансиска понуда по направената исправка.
7.2.6. Комисијата му дава рок на понудувачот да одговори преку ЕСЈН дали ги прифаќа или не таквите исправки. Овој рок не треба да биде пократок од два работни дена.
7.2.7. По добивање на известувањето од комисијата, понудувачот во рокот од точка 7.2.6, одговара дали ја прифаќа исправката на аритметичките грешки.
7.2.8. Доколку понудувачот не ја прифати исправката на аритметичката грешка, неговата понуда комисијата ќе ја исклучи од натамошна евалуација.
7.2.9. Доколку понудувачот не одговори на известувањето од комисијата, ќе се смета дека ја прифаќа исправката на аритметичките грешки, а комисијата продолжува со процесот на евалуација.
7.2.10. По извршената евалуација, комисијата ќе пристапи кон рангирање на понудите и изготвување предлог за избор на најповолна понуда.

**7.3. Начин и исправка на аритметички грешки**

7.3.1. Доколку комисијата утврди дека постојат аритметички грешки исправката ја врши согласно Правилникот за начинот на исправка на аритметичка грешка во фазата на евалуација на понудите ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.225/19)

1) кадешто има неусогласености на износот изразен во зборови и броеви, преовладува износот изразен во зборови, освен ако износот е поврзан со аритметичка грешка;

2) доколку има неусогласености помеѓу единичната цена и вкупната цена, а вкупната цена е резултат на множење на единичната цена и количината, во тој случај преовладува единичната цена, а вкупната цена ќе се коригира, освен ако не постои очигледно поместување на децималната запирка во единичната цена, при што во таков случај важи наведената вкупна цена, а единичната цена ќе се коригира;

3) доколку има грешка во вкупниот износ што соодветствува на додавањето или одземањето на меѓувредностите, преовладува меѓувредноста, а вкупниот износ ќе се коригира, и во случај на несовпаѓање помеѓу цената внесена на Електронскиот систем за јавни набавки и цената внесена во образецот на понудата, за валидна се смета цената внесена во образецот на понуда и ќе се измени цената внесена во Електронскиот систем за јавни набавки.

**7.4. Невообичаено ниска цена**

7.4.1. Договорниот орган ќе побара од економскиот оператор, во рок не пократок од пет дена, да ја објасни цената или трошокот наведен во понудата, доколку смета дека понудата содржи невообичаено ниска цена во однос на *услугите* што се предмет на набавка или доколку постои сомнеж дека договорот ќе биде извршен.
7.4.2. Договорниот орган, ќе побара објаснување на цената доколку вредноста на понудата е за повеќе од 50 % пониска од просечната цена на прифатливите понуди и е за повеќе од 20 % пониска од следната рангирана понуда, во случај да има добиено најмалку три прифатливи понуди.
7.4.3. Бараното објаснување понудувачот го доставува преку ЕСЈН во рок кој го определила комисијата.

**7.5. Заштита на податоци**

7.5.1. Договорниот орган нема да открива информации доставени од страна на економскиот оператор кои се означени како тајна или утврдени како класифицирана информација.

7.5.2. Економскиот оператор може, врз основа на закон, друг пропис или општ правен акт да означи одредени податоци за деловна тајна или за класифицирани, вклучувајќи ги техничките или трговските тајни содржани во понудата или пријавата за учество, под услов да го наведе правниот основ врз основа на кој истите се означени за тајни или за класифицирани.

7.5.3. Економскиот оператор не смее да ги означи за деловна тајна или за класифицирана информација: цената на понудата, трошоците на животниот век, спецификациите на понудените стоки, услуги или работи, количините, податоците во врска со критериумите за избор на најповолна понуда, јавните исправи, извадоците од јавни регистри и другите податоци кои согласно со посебните прописи мора јавно да се објавуваат или не смее да се означат како деловни тајни или како класифицирани информации.

Напомена: Понудата на економскиот оператор која е подготвена спротивно на точка 6.5.2 од оваа тендерска документација, комисијата ќе ја смета за неприфатлива и нема да ја евалуира.

### 7.6. Поништување на постапката

7.6.1. Договорниот орган може да ја поништи постапката за јавна набавка, за што носи одлука за поништување на постапката ако:

- бројот на кандидати е понизок од минималниот број предвиден за постапките за јавна набавка согласно со овој закон,
- не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда,
- настанале непредвидени промени во буџетот на договорниот орган,
- понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот,
- оцени дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци,
- добие известување од Бирото да ја поништи постапката поради технички проблем, техничка грешка, пад или недостапност на ЕСЈН кој не може да се надмине на поинаков начин,
- поради непредвидени и објективни околности се промениле потребите на договорниот орган
- избраниот понудувач се откаже од склучување на договорот

7.6.2. Договорниот орган ги известува сите учесници во постапката за јавна набавка преку ЕСЈН, најдоцна во рок од три дена од денот на поништувањето, во врска со престанокот на обврските на учесниците што произлегуваат од поднесувањето на понудите и за причините за поништување на постапката.

## 8. СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ИЛИ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

### 8.1. Доделување на договорот за јавна набавка

8.1.1. Договорниот орган ќе донесе одлука за избор или за поништување на постапката во рок кој не е подолг од рокот за поднесување на понудите, сметајќи од денот определен како краен рок за поднесување на понудите, а не сметајќи ги деновите во кои договорниот орган чека преземање одредено дејствие од друг субјект.

8.1.2. Договорниот орган го склучува договорот за јавна набавка со понудувачот чија понуда е избрана за најповолна врз основа на техничката и на финансиската понуда во рок од 30 дена од денот на конечноста на одлуката за избор, но не подоцна од периодот на важност на понудата.
8.1.3. Ако избраниот понудувач се откаже од склучување на договорот или дојде до раскинување заради негово ненавремено или неквалитетно извршување, договорниот орган може да склучи договор со следниот рангиран понудувач, ако цената не е повисока од 5% во однос на првично избраната понуда.

**8.2. Известување за доделување на договорот за јавна набавка**

8.2.1. Договорниот орган ќе ги извести понудувачите за одлуките во врска со утврдената способност, извршениот избор на најповолна понуда, склучувањето на рамковната спогодба или поништувањето на постапката за јавна набавка. Известувањето се доставува во рок од три дена од денот на донесувањето на соодветната одлука.
8.2.2. Во прилог на известувањето ќе се достави и примерок од соодветната одлука, а истото ќе се испрати преку ЕСЈН.
8.2.3. По доставување на одлуката за избор на најповолна понуда или за поништување на постапката, а до истекот на рокот за вложување жалба, економските оператори што учествувале во постапката имаат право на увид во целокупната документација од постапката, вклучувајќи ги доставените понуди или пријави за учество, освен оние документи што се означени како деловна тајна.

**8.3. Склучување на договорот**

8.3.1. Договорните страни го склучуваат договорот за јавна набавка или рамковната спогодба во писмена форма во рамки на рокот на важност на најповолната понуда, но не подоцна од 30 дена од денот на конечноста на одлуката за избор.
8.3.2. Договорот за јавна набавка или рамковната спогодба се склучува согласно со условите утврдени во тендерската документација и понудата.

**8.4. Извршување на договорот**

8.4.1. Договорните страни го извршуваат договорот за јавна набавка или рамковната спогодба согласно со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда.
8.4.2. Договорниот орган ќе врши контрола дали извршувањето на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба е во согласност со условите од договорот.
8.4.3. При извршувањето на договорот договорните страни покрај одредбите од Законот за јавните набавки, соодветно ќе ги применат одредбите од законот што ги уредува облигационите односи и материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка.

**8.5. Измени на договорот за јавна набавка во текот на неговата важност**

8.5.1. Оваа точка треба да биде содржана доколку во текот на реализацијата на договорот може да дојде до негово менување согласно член 119 од Законот за јавните набавки.

8.5.2. **Корекција на цени**

8.5.2.1. При реализација на договорот за јавна набавка не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.
8.5.3. Договорниот орган може договорот за јавна набавка или рамковната спогодба во текот на неговата важност да го измени без спроведување нова постапка за јавна набавка, на пр., во следниве случаи:

- Оваа точка треба да биде содржана доколку во текот на реализацијата на договорот може да дојде до негово менување согласно со член 119 од Законот за јавните набавки

# 9. ПРАВО НА ЖАЛБА И ЗАВРШУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ЈАВНА НАБАВКА

## 9.1. Право на жалба

9.1.1. Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за јавна набавка.
9.1.2. Жалбата се изјавува до Државната комисија во електронска форма, а се доставува истовремено до Државната комисија и договорниот орган преку ЕСЈН.
9.1.3. Кај набавката од мала вредност, жалба се изјавува во рок од пет дена од денот на:

1. објавување на огласот за јавна набавка, во однос на содржината на огласот или тендерската документација;
2. објавување на известувањето за измени и дополнителни информации, во однос на содржината на измените и дополнителните информации;
3. отворање на понудите, во однос на пропуштањето на договорниот орган соодветно да одговори на навремените прашања или барања за појаснување или измени на тендерската документација или
4. прием на одлуката за избор на најповолна понуда или за поништување, во однос на постапката на евалуација и избор на најповолна понуда, или за причините за поништување на постапката.
5. Жалителот кој пропуштил да изјави жалба, нема право на жалба во подоцнежната фаза на постапката за истиот правен основ.

## 9.2. Завршување на постапката за јавна набавка

9.2.1. Постапката за јавна набавка завршува на денот на конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката.
9.2.2. Веднаш по завршување на постапката, договорниот орган ќе ги врати мострите, урнеците и документите за кои во оваа тендерска документација е предвидено дека ќе се вратат на понудувачите.

## 9.3. Склучување на договорот за јавна набавка

9.3.1. Договорниот орган ќе го достави договорот за јавна набавка до избраниот најповолен понудувач во 6 примероци на потпишување.

9.3.2. Избраниот најповолен има обврска да го потпише договорот за јавна набавка и да му го врати на Договорниот орган во рок од 30 дена од денот на добивање. Договорниот орган презема обврска на избраниот најповолен понудувач да му го испрати потребниот број на примероци од договорот откако истиот ќе го потпише овластеното лице на Договорниот орган.
9.3.3. Доколку избраниот најповолен понудувач не го потпише договорот во рокот утврден во претходната потточка од тендерската документација, договорниот орган го задржува правото да смета дека избраниот најповолен понудувач се откажал од склучување на договорот и да ја активира гаранцијата на понудата и да објави негативна референца.

## 10. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЕЛЕМЕНТИ ОД ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА

- Договорот **за јавна набавка ќе биде склучен врз основа на барањата и условите од оваа ТД, избраната најповолна понуда и законската регулатива релевантна за предметот на набавката.- Набавка на хемиско чистење на костими со Рамковна спогодба**
- **ЦенаЧ цена на најповолната понуда, согласно образложенијата од оваа ТД.**
- **Рок на испорака на стоката-Носителот на набавката е должен предметот на набавка да го испорака во рок од најмалку 5 дена од денот на склучување на договорот за јавна набавка во рок од 1 година.**
- **Место на испорака на стоката- Национална Установа Национална опера и балет**
- **Рок и услови на плаќање – 30 дена**
- **Рок на важење на договорот-1 година или до целосно исцрпување на финансиските средства.**
- **Договорот стапува на сила по неговото обострано потпишување**